Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ бр.5/02) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Р.Македонија “ бр. 50/2005, 40/10, 46/10 и 183/11), Советот на општина Чучер-Сандево на **14-та** седница одржана на **30.06.2014** година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗОНИ ПРИ ПРИМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

### Член 1

Во Одлуката за определување на зони при примена на Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.12/2013), во членот 2 ставот 3 се менува и гласи:

“**ВТОРА ЗОНА** која одговара на **подзона 13,3** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфаќа подрачјето на: јужниот дел на КО Кучевиште, со намена А1-домување во стамбени куќи, КО Блаце, КО Глуво-Бразда, КО Мирковци, КО Кучевиште и КО Чучер со намена А3-групно домување, Б-комерцијални и деловни објекти, Г-производство, дистрибуција и сервис, Е-инфраструктура и Д-зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори.”

Во членот 2 ставот 4 се брише, а ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Во членот 2 став 5 кој станува став 4, зборовите “**ЧЕТВРТА ЗОНА**” се заменуваат со зборовите “**ТРЕТА ЗОНА**”.

Во членот 2 став 6 кој станува став 5, се менува и гласи:

“**ЧЕТВРТА ЗОНА** која одговара на **зона 17,1** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфаќа подрачјето од: КО Бањани, КО Горњани, КО Мирковци, КО Побожје и КО Чучер, со намена А4-времено сместување.”

Во членот 2 став 7 кој станува став 6, зборовите “**ШЕСТТА ЗОНА**” се заменуваат со зборовите “**ПЕТА ЗОНА**”.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево“.

**Бр.07-652/3**
**30.06.2014 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Зоран Бајовски с.р.**